27-36-76-051 Методиј Солунски, св.

Илија Велев

# Улогата на Свети Методиј Солунски во афирмацијата на словенската цивилизација и култура

(По повод 1130 години од смртта на св. Методиј и од крајот на Моравската сесловенска мисија /885-2015/)

# The Role of St. Methodius of Thessalonica for the Afirmation of Slavic Civilization and Culture

(On the occasion of 1130 years since the death of St. Methodius and the late Slavic Moravian Mission / 885-2015/)

**Abstract**: *VELEV Ilija. The role of St. Methodius of Thessalonica for the affirmation of Slavic civilization and culture* (*On the occasion of 1130 years since the death of St. Methodius and the late Slavic Moravian Mission / 885-2015/*). The subject of the following paper is thematically organized to mark 1130 years since the death of St. Methodius of Thessalonica and the end of the Moravian Mission, which confirmed the third Christian civilization and culture in Europe – the Slovenian, immediately after Byzantine Greek and Roman Latin Culture. Along with his brother, St. Constantine-Cyril the Philosopher, they were both acting like Christian and Slavic educators. Their activity and resurgent Cyrillo-Methodius tradition is deeply engraved into the cultural and historical identity of the contemporary Macedonian and Slovak Slovenian collectivity.

**Key words**: *St. Methodius of Thessalonica, Byzantine, Slav, Moravian Mission, Slavic civilization and culture, literary activity.*

**Апстракт**: *ВЕЛЕВ, Илија. Улогата на свети Методиј Солунски во афирмацијата на словенската цивилизација и култура (По повод 1130 години од смртта на св. Методиј и од крајот на Моравската сесловенска мисија /885-2015/).* Истражувањата што следат во овој научен прилог тематски се реализирани по повод 1130 години од смртта на св. Методиј и од крајот на Моравската мисија, со која се афирмирала третата христијанска цивилизација и култура во Европа – словенската, веднаш по византискогрчката и по римолатинската. Заедно со брата си св. Константин-Кирил Филозоф тие биле христијански рамноапостоли и сесловенски просветители, од чијашто дејност и заживеана кирилометодиевска традиција проникнуваат културноисториските идентитети во современиот македонски и словачки словенски колективитет.

**Клучни зборови**: Свети Методиј Солунски, Византија, Словени, Моравска мисија, словенска цивилизација и култура, книжевна дејност.

Продлабочените историографски и културолошки истражувања докажуваат дека проникнувањето на словенската цивилизација и култура почнала да се анимира од периодот на т.н. голема преселба на народите (односно од словенската колонизација), која се реализирала во раниот Среден век - од 80-тите години на VI и низ целиот VII век. Тогаш почнал да заживува и процесот на духовна и културна симбиоза меѓу домородните населенија и доселените словенски племиња, се разбира реализиран во византискиот глобален свет преку политичката мобилност на двата фактори: христијанизацијата и словенизирањето. Овие глобални процеси биле сложени и се одвивале со забавено темпо во период од скоро три века. Имено, словенските колонизатори лесно ќе се адаптирале на христијанскиот духовен и културен свет под влијанието на контактите со домородните населенија и со веќе воспоставената духовна библиска традиција како ранохристијанско апостолско и византиско искуство.[1] Но таа интеркултурна циви-

[1] ВЕЛЕВ, Илија. *Искони бѣ Слово. Во почетокот беше Словото*. Скопје 2009, стр. 5-29; ВЕЛЕВ, Илија. *Историја на македонската книжевност*. Том 1. *Средновековна книжевност*. Скопје 2014, стр. 23-30.

Претходно овој процес историографски се проследуваше без да се имаат предвид природата и карактерот на проникнувањето на словенската цивилизација и култура како симбиоза со постарите домицилни културноисториски искуства и традиции. Види: ОСТРОГОРСКИ, Георгије. *Византија и Словени*. Београд 1970; ИВАНОВСКИ, О. *Македонските Словени од VI до IX век*. Скопје 1962; и др.

лизациска функција лесно не можела да се реализира, зашто доселеното паганско население тешко го совладувало восприемањето на византискогрчката јазична и писмена комуникација. Требало да се сочекаат функционално созреаните социолошки и културолошки фактори кои го поттикнале феноменот на историското проникнување на стандардизацијата на старословенскиот книжевен јазик, на словенската писменост, на книжевно-творечките процеси, како и на словенското богослужење. Финалето на ваквата историска епизода на словенско цивилизациско прелевање било завршено со политичкото активирање на кирилометодиевската сесловенска мисионерска и просветителска дејност.[2]

Поновите истражувања упатуваат на констатацијата дека веројатно светите Константин-Кирил и Методиј биле потомци на старото домородно население на просторот на Македонија, кое по скоро тривековниот процес на словено-домородната симбиоза знаело словенски јазик и веќе живеело сродно со другите народи во Византија и со Словените. Затоа и византискиот двор нив ги користел за посредници при наметнувањето на политичката и духовната волја над Словените. Следствено и се истакнува дека светите Константин-Кирил и Методиј се пред сè, и над сè, византиски мисионери - израснати во високиот слој на византиската општествена хиерархија, реализатори на афирмацијата на словенската духовна и културна традиција, т.е. словенски просветители во функција на византиските, а подоцна и на римопапските политички и црковни интереси. Основната заложба во нивната дејност била емисарството со политичка, црковна и дури на посреден план – со културно-просветителска задача. Вклучувањето на *словенскиот фактор* како нов воспоставен духовен, културен и писмен феномен требало да ја интегрира словенската цивилизациска свест во глобалниот византиски, а посредно и во римопапскиот свет на интереси.[3]

Токму и на планот за афирмација на словенската духовна и културна свест на просторите со доминантно словенско население светите Браќа најревносно ги спровеле своите мисионерски задачи, истовремено заживувајќи го историскиот процес на афирмација на третата христијанска цивилизација и култура во Европа – *словенската*, веднаш по византискогрчката и по римолатинската. По смртта на св. Константин-Кирил во 869 година натамошната мисионерска дејност на св. Методиј продолжила да се втемелува во афирмацијата на идната словенска цивилизациска свест, но веќе насочувајќи се кон екуменската христијанска идеја како духовен и културен рефлекс во општите цивилизациски вредности - кои се поместиле надвор од интересите на византискиот протекторат, или на крајот останале понастрана од политичките тенденции на папата во Рим. Затоа и по смртта на св. Методиј во 885 година византискиот Константинопол и папата во Рим не ги сметале како одлучувачки настаните поврзани со светите Браќа за развојот на самата историска епоха, па дозволиле прогонство на нивните ученици и следбеници и активирање на словенскиот фактор во реализацијата на стратешките интереси на Првото бугарско царство. Но изворните идеи на кирилометодиевската сесловенска просветителска акција продолжиле да се негуваат од нивните ученици и следбеници светите Климент и Наум Охридски во формираната Охридска духовна и книжевна школа.[4] Тоа на светите Браќа им обезбеди историска гаранција да бидат сочувани во духовната и во културната меморија како сесловенски просветители, но и како општохристијански рамноапостоли. Затоа и на историските крстопати низ вековите нивниот култ остави траен белег за самопрепознавање и самоидентификување во словенскиот цивилизациски колективитет.

Во 2015-тата година се навршија 1130 години од смртта на св. Методиј Солунски, духовниот и родениот брат на св. Константин-Кирил Филозоф. Двајцата словенски све-

---

[2] ДОБРОВСКИЙ, И. *Кирилл и Мефодий, славянские первоучители*. Москва 1825; БИЛЬБАСОВ, В.А. *Кирилл и Мефодий*. I-II, Спб. 1868-1871; ПОЛЕНАКОВИЌ, Харалампие. *Во мугрите на словенската писменост*. Скопје 1973; СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера. *Историја на македонската книжевност. Средновековна книжевност*. Скопје 1997; ВЕЛЕВ, Илија. *Кирилометодиевската традиција и континуитет*. Скопје 1997; ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар. *Светила незаодни. Словенските првоучители и нивните ученици*. Скопје 1999; ПАНДЕВ, Димитар. - СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера. *Македонија лулка на словенската писменост*. Скопје 2006; ВЕЛЕВ, Илија. *Историја на македонската книжевност*. Том 1. *Средновековна книжевност*. Скопје 2014; и др.

[3] ВЕЛЕВ, Илија. *Византиско-македонски книжевни врски*. Скопје 2005; Второ електронско издание, Скопје 2012, стр. 209-211; ВЕЛЕВ, Илија. *Историја на македонската книжевност*. стр. 76-78.

[4] КОНЕСКИ, Блаже. Охридска книжовна школа, In: *Климент Охридски. Студии*. Скопје 1986, стр. 9-23; ВЕЛЕВ, Илија. *Историја на македонската книжевност*. стр. 126-136.

тители и просветители имаат еднаков историски влог при проникнувањето на словенската цивилизација и култура, а нивната воспоставена традиција самата од себе остави своевиден супстрат како непресушен извор од кој современите словенски народи го напојуваат сопствениот културноисториски и национален идентитет. Со името на св. Методиј се поврзува стартот на политичката доктрина за активирање на словенскиот фактор во позиција на почитување на еднаквоста на различните јазици и култури во новиот цивилизациски систем на опстојување во глобалниот свет, што престоел да се гради во развиениот Среден век. Но со него и се дооформиле координатите што воделе кон афирмацијата на словенската цивилизациска свест, а прокламираната екуменска идеја во последната фаза од Моравската мисија меѓу 869 и 885 година станала своевиден прилог за дефинитивното издигнување на христијанството како цивилизација и култура во Европа. Над сè, како млад византиски архонт по негова покана со брата си ја предизвикале да почне историската и политичка последователност за заживување на кирилометодиевската словенска традиција, а на крајот од својот живот тоа им го оставил како непресушено наследство на своите ученици и следбеници - од кои најдоследни продолжувачи на ваквиот цивилизациски чин биле светите Климент и Наум Охридски, преку формирањето на Охридската духовна и книжевна школа.

Кирилометодиевската словенска традиција како официјално најавена општоцивилизациска вредност се анимирала врз основа на конкретни историско-воени, политички, црковни и културни односи што се одвивале во Византија, а конкретно на просторот на Македонија. Имено, во почетокот на IX век состојбите во Македонија станале мошне контраверзни за спокојното политичко и духовно функционирање на византиското општество. Поголемиот дел од словенското население во Македонија сè уште било паганско, па од таквата дистанца било тешко да се изнудува неговата лојалност. Едноставно требало да се разбие разновидниот духовен баланс меѓу домородното население и Словените, па за да се попречи развојот на повеќеслојната етничка монолитност во Македонија почнала да се мотивира општата христијанизација. Истовремено Македонија се нашла во позиција на закован клин во воените пресметувања меѓу Византија и Првото бугарско царство (коешто сè уште не било христијанизирано), а тоа станало отворена врата за влез на идните воени и политички перипетии на Балканот. По византиско-бугарското воено примирје од периодот меѓу 821 и 823 година зачестиле отпорите на словенското население против византискиот протекторат, а истовремено почнале и повремени упади на бугарските војски на територијата на Македонија. Тоа ја натерала Византија да го користи населението во Македонија како бариера за новите бугарски упади, при што им доделувала посебен воено-административен статус на словенските кнежества. Така и св. Методиј бил испратен како архонт во Словенското кнежество на Стримонската склавинија (брегалничко-струмичката област), со кое управувал од 845 до 855 година. Словенското и домородното македонско население сè уште покажувало низок морал и недисциплина, веројатно поради отпорот кон византиското подаништво.[5] За да се неутрализира ваквата ситуација св. Методиј го активирал авторитетот на словенскиот фактор, притоа изготвувајќи *Воен судебник* (познатиот книжевно-правен состав *Закон за судење на луѓето*). Се смета дека овој правен акт бил напишан на словенски јазик што го зборувале македонските Словени, а писмото било византискогрчко.[6] Легендарните сведоштва упатуваат на тврдењата дека сложените внатрешни проблеми наложиле св. Методиј да го повика и брата си св. Константин-Кирил за да се вклучи како мисионер во неговото кнежество, правејќи обид за ширење на христијанството на словенски јазик и афирмирајќи идеја за некакво устројство на словенска писменост. Но воениот и политички крах на Методиевото словенско кнежество и неговото завладејување од страна на бугарскиот кнез Борис во 855 година, историски пресудиле првиот обид за активирање на словенско просветителство во

[5] ПАНОВ, Бранко. *Средновековна Македонија*. Том 3. Скопје 1985; ВЕЛЕВ, И. *Историја на македонската книжевност*. Том 1., стр. 114-118.

[6] ТРОИЦКИЙ, С. В. Мефодий как автор „Закона судного людям“, In: *Македонија и Македонците во минатото*. Скопје 1970, стр.441–453; *Македонска книжевност IX-XVIII век*. Избор, редакција, предговор, книжевно-историски коментари и белешки д-р И. Велев. Том 1 од 135 томови *Македонска книжевност*. Битола 2008, стр. 34-47; ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ, Маја. Правно-канонските книжевни состави на св. Методиј Солунски, In: *Macedónsko-slovenské literárne, kultúrne a jazykové vzťahy*. *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски*. Nitra 2015, pp. 37-44.

функција на политичките интереси на Византија да остане недореализиран.[7]

Според содржината на Службата за св. Методиј, воениот и политички пораз го нателе да ги напушти световната кариера и семејството, притоа посветувајќи се на духовниот живот во манастирот Полихрон на Олимп во Мала Азија и добивајќи го монашкото име Методиј.[8] Легендарно-култните извори наведуваат дека покрај подвизувањето таму тој го надградувал и своето мирско и богословско - догматско образование, а дел од истражувачите се склони да тврдат дека на Олимп тој и неговиот брат св. Константин-Кирил ги вршеле и подготовките за устројството на словенското писмо, за словенскиот превод на нужните богослужбени книги, и сл. Сепак, ваквите тврдења се само одраз на произволните претпоставки, а посредните проследувања на процесите во тој историски, духовен и културолошки контекст потврдуваат дека тоа се вршело во Солун - родниот град на светите Браќа и еден од поголемите влијателни центри во тогашна Византија.

Сепак големиот предизвик што престоел за подготовките на Моравската мисија од 863 година целосно го мобилизирал просветителскиот ангажман на св. Методиј во служба за ширење на словенската цивилизациска свест.[9] Сè до крајот на својот живот сите негови ангажмани од која и да е природа биле ревносно посветувани во реализацијата на таа цивилизациска придобивка. Неопходните подготовки за сложеното мисионерско дејствување рамноправно ги вршел со брата си св. Константин-Кирил, иако во житиеписните култно-легендарни текстови како да му се придодава на брата му своевидно предимство на предводник. Но во ниеден случај не се забележува дека активноста на св. Методиј се одвивала во некаква подредена улога во однос на сите просветителски зафати – дека светите Браќа го стандардизирале старословенскиот книжевен и богослужбен јазик врз основа на македонските словенски говори од околината на Солун, дека врз основа на нивниот гласовен систем го устроиле првото фонетско словенско писмо - глаголицата, а секако и дека на тој општословенски јазик и со тоа словенско писмо ги превеле првите богослужбени книги од византискогрчки јазик. Може да се остави простор да се претпостави дека улогата на св. Методиј повеќе била концентрирана на организирањето на словенскиот црковен организам, на одбирање ученици за нивни следбеници – во чии редови секако дека имало и Словени по род од Македонија. Ист е случајот и со стекнатата претстава за активностите што двајцата свети Браќа ги вршеле во првата и во втората фаза од одвивањето на Моравската мисија – во Моравија и во Панонија меѓу 863 и 867 година, како и при престојот во Рим кај папата меѓу 867 и 869 година. Сметаме дека улогата на св. Константин-Кирил да ја води мисионерската стратегија на планот на политичката борба за афирмација на словенската богослужба, писменост и култура како да го подредува во позицијата и на идеолошки предводник, но секако дека чинот на организирањето успешно да се спроведуваат словенските просветителски идеи му припаѓале на св. Методиј - а тоа не треба да го поставува во привидна сенка на брата си, кој бил опитен и потврден мисионер.

Не треба да се запоставува улогата на св. Методиј што веројатно ја имал при спроведувањето на политичките намери на папата Адријан II во периодот на нивниот престој во Рим, кога биле благословени словенските преведени книги што со себе ги носеле светите Браќа, кога словенската богослужба се

---

[7] Индиректните податоци за функционирањето на првата Брегалничка кирилометодиевска мисија се среќаваат во повеќе сочувани пишани извори, пред сè со легендарно-хагиографски содржински карактер, како што се: *Краткото проложно житие за св. Кирил* или *Успение Кирилово*; *Краткото проложно житие за св. Кирил и Методиј*; *Солунската легенда*; *Второто словенско житие за св. Наум Охридски*; староруското книжевно дело *Повесть временых летъ* (*Повест за поминатите години*); *Моравската легенда*; *Чешката легенда*; *Дукљанскиот летопис*; двете византиски житија за св. Климент Охридски од Теофилакт Охтридски и од Димитриј Хоматијан, и др. Меѓу истражувачите коишто ја афирмираа тезата за постоењето на т.н. Брегалничка мисија спаѓаат: А. Куник, А. Гилфердинг, М. Погодин, В. Билбасов, Н. Туницки, К. Куев, В. Истрин, Е. Георгиев, Б. Панов, Б. Алексова, Б. Ристовски, М. Панов и др.

[8] *Македонска книжевност IX-XVIII век*, *Том 1.* Избор, редакција, предговор, книжевно-историски коментари и белешки д-р И. Велев, стр. 155-159.

[9] Напоменуваме дека, во политичката основа Моравската мисија била респективно словенска, зашто главните стратешки тенденции требало да се реализираат преку застапеноста на словенскиот јазик во богослужењето, книжевноста и во писменоста. Тоа било едно од главните политички средства на западнословенските владетели за да го централизираат своето владеење, на што силно им пречело влијанието на средновековната франечка држава и на тамошното свештенство. Затоа пак за византискиот Константинопол и за римолатинското папство Мисијата требало да ги разреши дилемите за доминацијата на Источната или на Западната духовна превласт.

стекнала со официјално одобрение од Римската црква, или кога папата им доделил свештенички чинови на некои од Кирилометодиевите ученици - а меѓу кои на св. Климент и на св. Наум Охридски. Всушност преку одобрениот чин за словенско богослужење папата очекувал западните Словени да го прифатат суверенитетот на апостолската литургиска традиција. Ваквата поставена црковна политика на папата во иднина, по смртта на св. Константин-Кирил, му наложувала на св. Методиј преку словенското духовно и културно просветителство да ја протежира мисијата на христијанското екуменство – сообразувајќи ја византиската литургија со латинската миса. Но токму во третата фаза од одвивањето на Моравската мисија меѓу 869 и 885 година над сè требало политички и духовно да се балансираат односите меѓу византискиот Исток и римолатинскиот Запад.[10] Ваквиот поставен приоритетен однос со којшто требало да се одвива словенското мисионерство на св. Методиј бил мошне динамичен и контраверзен, при што последователно произлегле неговите црковнополитички падови и повремени стабилизации. Покрај согласноста на папата да го ракоположи св. Методиј за сесловенски архиепископ со намера да се формира општа словенска моравско-панонска и нитранска диецеза, што би требало во иднина да биде под римска духовна јурисдикција, сепак контраверзните воени и политички прилики што следеле директно се одразувале и врз судбината на неговата словенска мисионерска и просветителска дејност. Воено-политичките успеси и падови на западнословенските кнежества предизвикувале и извесни колебања кај месните владетели одлучно да се поддржува словенската мисионерска акција на св. Методиј, а тоа ги храбрело франечките великодостојници да го наметнуваат римолатинскиот духовен протекторат и да учествуваат со заговори и клевети против него. Следствено на тоа влијателна улога имале и актуелните глобални црковнополитички интереси меѓу православниот Исток и римолатинскиот Запад. Па, како што ќе се затоплиле политичките односи меѓу вселенската патријаршија во Константинопол и папата во Рим, така и дејноста на св. Методиј добивала сила на значење. Но и откако ќе дошло до заладување на тие односи, нагло се влошувале условите за неговата дејност и често тој се наоѓал во заточеништво.

Уште додека бил жив св. Методиј неговата мисионерска дејност на словенски просветител не се прифатила како успешна за реализација на политичките, црковните и културните очекувања на византискиот Константинопол и на папата во Рим. Затоа и откако починал св. Методиј на 6 април (по стар стил) во 885 година папата во Рим не ги заштитил неговите ученици, при што тие биле прогонети од франечкото римолатинско свештенство.

Сепак улогата на св. Методиј во глобалната афирмација на словенската цивилизација и култура била неограничено важно и преку неговата книжевна дејност - како преведувач и како автор на оригинални словенски книжевни творби.[11] Без неговото книжевно дело развојот на словенската писменост и книжевност ќе згаснел уште со прераната смрт на св. Константин-Кирил во 869 година, а цивилизацискиот тек ќе бил принуден да сочека нови историски околности во некои идни времиња за афирмација на словенската цивилизација и култура. За истакнување е фактот дека св. Методиј бил носител на старословенскиот превод на целиот корпус од 60 старозаветни и новозаветни библиски книги, со исклучок на макавејските кои се сметале за неканонски. Со преводот на Библијата на општ старословенски/црковнословенски јазик се анимирала и јавната манифестација за еднаквоста на словенската култура со сите други интеркултурни сообразувања во Европа. Уште со својот брат учествувал во преводот на избор од црковните служби (празничниот минеј), кои биле неопходни за да почне словенското богослужење. Тој го превел и текстот на номоканонот, односно правилата за законот, што претставувал самостоен редактиран труд приспособен на состојбите во Моравија и Панонија. Од неговата преводна активност произлегол и прviот словенски превод на патерикот, при што доминира научниот став дека станувало збор за Скитскиот или за Сводниот (компилативен) тип на патерикот. Неговата словенска преводна активност се надополнила и со преводите на книжевните дела што првовремено ги напишал неговиот брат св. Константин-Ки-

[10] ВЕЛЕВ, И. *Византиско-македонски книжевни врски*. Скопје 2005, стр. 214-224.

[11] ВЕЛЕВ, Илија. *Историја на македонската книжевност. Том 1*. стр. 118-125; ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ, Маја. Книжевните состави на св. Методиј Солунски во прилог на Моравската мисија, In: *XL Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*. Скопје 2014, стр. 7-21.

рил на византискогрчки јазик при неговиот престој на Сараценската и на Хазарската мисија.

Со книжевната дејност на св. Методиј се поврзуваат и неговите напишани оригинални словенски творби: книжевно-прваниот состав *Закон за судење на луѓето*; поучно-проповедната *Анонимна хомилија*; химнографската поетска творба *Канон за св. Великомаченик Димитриј Солунски* (а постојат претпоставки дека тој ја напишал и целата служба за овој светител-патрон на родниот негов град Солун). Словенскиот првоучител св. Методиј напишал уште ред други оригинални творби и превел повеќе книги, кои до денес за научната љубопитност сè уште остануваат неидентификувани и нерасветлени.

Како заклучок напоменуваме дека, сепак идните духовни и културни процеси не дозволиле да згаснат основните идеи за ширење на словенска цивилизациска свест што ги прокламирале и ги ширеле сесловенските просветители и христијански рамноапостоли. Тие биле продолжени од Кирилометодиевите ученици св. Климент, св. Наум и Константин Презвитер, кои натаму доследно ги реализирале назад во нејзиниот извор на политичко протекување - на Балканот и во Македонија. Токму заживувањето на Охридската духовна и книжевна школа на просторот на Македонија со изворните кирилометодиевски идеи од Моравската мисија, како втемелен процес широко ги отворила портите пред новиот глобален свет на Европа - да се овозможи еднаков развој и афирмација на јазиците, културите и на традициите.

SUMMARY: *VELEV Ilija. The role of St. Methodius of Thessalonica for the affirmation of Slavic civilization and culture* (*On the occasion of 1130 years since the death of St. Methodius and the late Slavic Moravian Mission / 885-2015 /*). In paleoslavistics 2015 was the year of an important anniversary, 1130 years since the death of St. Thessaloniki Methodius, the spiritual-born brother of St. Constantine-Cyril the Philosopher. The role of both brothers as saints, apostles and Christian and Slavic educators historically had equal stakes in the promotion of Slavic civilization and culture. The established tradition within itself was an inexhaustible resource from which modern Slavs have nourished their own identity, culture and national collectivity. St. Methodius's activities triggered the political doctrine realized through the phenomenon of Slavic factor, which in the medieval period served to respect the equality of different languages and cultures in the new system of civilizational survival in the global world. Especially the activities of the St. Methodius in the last third of the Moravian Mission between 869 and 885 AD came to the fore with the role and the importance of the ecumenical idea to raise Christianity as an influential civilization and culture in Europe. The role of St. Methodius in the global affirmation of Slavic civilization and culture was highly important and through his literary activity - as a translator and author of the original Slavic literary works. Without his literary work the development of Slavic literacy and literature would have faded with the death of St. Constantine-Cyril in 869 year and the civilizational progress would have been forced to wait for new historical circumstances in some future-time for affirmation of Slavic civilization and culture.

prof. Ilija Velev, PhD.
Institute of Macedonian Literature
University „Ss. Cyril and Methodius", Skopje
Gr. Prlichev 5, p.o.b. 455.
1000 Skopje, Republic of Macedonia
ilijavelev@yahoo.com